МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Март 2012
БРОЈ 128

## Битола, Дебар и Јегуновце ги добија првите стратегии за соработка со граѓанските организации

МЦМС, во рамките на проектот „Граѓански дијалог на локално ниво", го водеше процесот на подготовка на стратегии за соработка помеѓу граѓанските организации и општините во Битола, Дебар и Јегуновце.

Стратегиите се усвоени од страна на советите во трите општини во декември 2011 г. Временската рамка за спроведување на стратегиите е четири години и тие ќе се спроведуваат во периодот од јануари 2012 до декември 2015 година. Во почетокот на оваа година, МЦМС ги публикуваше сите три стратегии на македонски јазик, а оние на Дебар и Јегуновце и на албански јазик. Публикациите им се ставени на располагање на општините.

Стратегиите се подготвени на консултативен начин со голема вклученост на граѓанските организации во периодот од септември до ноември 2011 година, во две фази: прво беа формирани работни групи за подготовка на концепт на стратегиите, а потоа во втората фаза предлог – концептот на стратегиите беа дискутирани на форумски настани со голема група организации и претставници на советите на општините.

Процесот на подготовка на стратегиите се заврши со консултативна дводневна работилница на Програмскиот одбор на проектот „Граѓански дијалог на локално ниво", кој беше составен од претставници од трите пилот-општини во проектот (Битола, Дебар и Јегуновце), претставник на Министерството за локална самоуправа, претставник на ЗЕЛС и претставници на МЦМС.

Проектот беше финансиски поддржан од Европската Унија преку Инструментот за демократија и човекови права (ЕИДХР).



# Размена на искуства и нова соработка на Прекуграничниот форум на граѓанските организации

На 23 и 24 март 2012 година во Домот на културата во Дебар се одржа Форумот на граѓански организации од пограничниот регион на Република Македонија и Република Албанија. Форумот го посетија околу 800 граѓани. Беа организирани вкупно седум форумски и четири социокултурни настани. Во изложбениот дел своите активности ги презентираа околу 90 граѓански организации од Македонија и Албанија.



*Форумот беше свечено отворен од страна на министерот за локална самоуправа*

Форумот го отвори Невзат Бејта, министер за локална самоуправа на Република Македонија. Тој им честиташе на организаторите, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Еколошкото друштво „Дешат" и Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Тирана, за иницијативата за организирање на Форумот. „Придобивките од прекуграничната соработка се многу поголеми", рече министерот Бејта, „од трите повици на Програмата за прекугранична соработка меѓу Македонија и Албанија се доделени 9 милиони и 540 илјади евра." Форумот го поздравија и градоначалниците на општините Дебар и Пешкопеја, Аргетим Фида и Илир Кроси.

Од името на организаторите од македонска страна, на присутните им се обрати Александар Кржаловски, првиот извршен директор на МЦМС. „Мило ми е што овој форум се случува во овој период, кога сме сведоци на повторни обиди за нарушување на меѓетничките односи, и токму тука, затоа што овој регион е познат по активен соживот, толеранција и пракса на меѓусебна соработка на различните етнички и верски заедници." На присутните им се обрати и Сотирaќ Хрони, директор на ИДМ.

За предизвиците на прекуграничната соработка зборуваше Даниела Стојанова од МЦМС и ги презентираше идентификуваните проблеми и предлозите за нивно надминување. Фатмир Битиќи ја презентираше оценката на процесот на аплицирање во првиот повик за прекугранична соработка во сите земји на Западен Балкан, а Сања Марковска, искуството на Локалната агенција за развој од Струга во спроведувањето на проектот за прекугранична соработка.

Мирјана Пехчевска Поп-Илиева и Валентина Атанасовска од канцеларијата на ТАКСО во Македонија ја презентираа регионалната база на граѓански организации, а за предизвиците и перспективите на младите во двете земји зборуваа Мeритон Доволани, Фадрија Мустафоска и Милка Јосифоска.

За биодиверзитетот на Дримскиот басен зборуваше Радован Димитриевски, од организацијата Рекреативни риболовци од Охрид. Тој зборуваше за штетите што се предизвикуваат врз рибниот фонд на Охридското Езеро од различни прилини. Присутните на сесијата побараа поголема граѓанска иницијатива и притисок врз надлежните за решавање на ова прашање кое не ги засега само охриѓани туку сите кои го посетуваат Охрид.

За технологијата, економиката и маркетингот на пчеларење зборуваше Благојче Најдоски, менаџер на списанието „Моја земја". На присутните им ја презентираше економската исплатливост на бизнисот со мед, а им укажа и на некои корисни аспекти од брендирањето на производите.

Младинското учество во процесите на креирање и донесување одлуки на локално и училишно ниво го презентираа Зорица Милкова и Даниел Уневски од Здружението на граѓани „Зона" од Кавадарци, а за подготвеноста и дејствувањето при катастрофи зборуваа Александар Јосифоски и д-р Филип Танески од Црвениот крст од Охрид.




*Преку 800 заинтересирани граѓани поминаа низ изложбениот и форумскиот дел на форумот*

Организацијата на жени Радика приреди ревија на народни носии. Посетителите уживаа и во настапите на ансамблот „Шпреса" од Велешта, Струга, КУД Младост и КУД Јусуф Албани од Кичево.

Најголем дел од учесниците рекоа дека се на Форумот зареди размена на искуства и идеи, воспоставување соработка со нови организации и поинтензивна комуникација внатре во граѓанскиот сектор. Форумот имаше за цел да ја зголеми информираноста за активностите и да ја подобри меѓусебната соработка на организациите од пограничниот регион.

## МЦМС ќе спроведува Форуми во Делчево и Желино

Во април 2012 година започнува спроведувањето на програмата Форуми во заедниците во 10 нови општини. МЦМС, во оваа фаза ќе спроведува проектни форуми во општините Делчево и Желино. Се очекува подготвителните работи да завршат во текот на април, а форумските сесии со граѓаните да се одвиваат во текот на мај и јуни и јули. Низ форумите граѓаните можат да го подобрат сопственіот живот со сопствените идеи и учество, а администрацијата да развие партиципативно и одговорно локално владеење на коешто ќе му се верува. МЦМС до сега спроведе форумски процеси во Карбинци, Битола, Ресен, Радовиш и Конче, Берово, Аеродром, Крива Паланка и Македонски Брод.



## Прва седница на УО на МЦМС

На 28 февруари 2012 година Управниот одбор на МЦМС ја одржа својата прва седница. Членовите на УО разговараа и одлучуваа неколку клучни документи од работењето на МЦМС. Беше усвоен деловниот извештај за 2011 година заедно со финансискиот извештај и деловниот план за 2012 година заедно со финансискиот план. Усвоени се и извештаите за годишен попис за 2011 година и за годишна сметка за 2011 година. На седницата беше усвоен и Правилникот за безбедност и здравје при работа во МЦМС.



# Подготвени девет предлог проекти на организациите на Роми

Петнаесет учесници од девет ромски организации на 15 и 16 март оваа година во МЦМС, учествуваа на работилница за подготовка на предлог проекти кои потоа беа поднесени до Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.



*Корисен процес на заедничка подготовка на предлог проекти на организациите на Роми*

„Работилницата беше од големо значење за нашата организација", рече Самедин Кананоски од Баирска Светлина од Битола, „се надевам дека и во иднина, ќе имаме можност повторно да добиеме слични услуги за подготовка на проекти", додаде тој.

На работилницата, проектните идеи на организациите беа развиени во предлог проект, а им беа дадени и инструкции за комплетирање на целокупната документација потребна за аплицирање. Учесниците подготвија вкупно девет предлог проекти.

„Поминавме процес на заедничко учење и работа. Крајната цел ни е да делуваме за подобрување на одредени општествени појави или потреби на Ромската заедница. Беше корисно и значајно за сите учесници во развојот и имплементацијата на вакви иницијативи - за вклучените организации кои добија поддршка, за МЦМС и ИнСоК како иницијатори на поддршката, а на крајот и за самите донатори кои ќе добијат јасни и разработени идеи, согласно идентификуваните потреби на Ромите" рече Фатима Османовска од Ромскиот ресурсен центар од Скопје.

Оваа иницијатива се реализираше во рамките на програмата Пристап на Ромите до фондови (ПРФ), финансиран од ОСИ Будимпешта, со која МЦМС придонесува кон градење на капацитетите на Ромите во Македонија за нивна одржлива општествена инклузија. Работилницата ја фацилитираа Валентина Чичева од МЦМС и Самет Скендери од Иницијатива за социјална промена (ИнСоК).

# Обука за шест организации од Косово

Од 19-21 март, МЦМС одржа обука за раководење со проектен циклус, со фокус на набљудување и оценка, за шест организации од Косово.

Обуката беше скорена за потребите на учесниците, па покрај стандардните модули за логичка рамка и показатели, содржеше и елементи од системот на набљудување воспоставен за оваа програма – како: брзо скенирање на организациите, 5 клучни компетенции и Балансирана табела (Balanced Scorecard).

Учесниците високо ја оценија обуката и изразија задоволство од учеството и наученото. „Благодарност за обуката на тема за која мислевме дека знаеме се, за да разбереме дека не сме знаеле скоро ништо", беше коментар на еден од учесниците. Обучувачи беа Фатмир Битиќи и Александар Кржаловски.

Обуката е дел од консултантската поддршка што МЦМС, во соработка со МДФ Холандија, ја дава за програмата Обединета коалиција за претприемништво, а која две холандски организации СПАРК и „Бизнис во развој" ја спроведуваат во Косово.



*Задоволство и висока оценка на обуката од страна на учесниците од косовските организации*

Поддршката на процесот на јакнење на овие шест локални организации од Косово, ќе продолжи и понатаму, со обуки и менторска поддршка, во наредните четири години.